Врз основа на членот 158-ѕ точка 1, член 74 точки 1, 2, 3 и 9 и член 104 став (1) точка 1), а во врска со член 68, 69 и 71, од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 22.03.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување**

Член 1

(1) Во Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/11 и 64/11), во членот 8, во ставот (5) зборовите: „ во хартиена и" се бришат. По зборовите: „електронска форма" се додаваат зборовите. „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(2) Ставовите (6) и (7) се бришат.

(3) Ставот (8) станува став (6).

Член 2

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/4** **Претседател на Советот на експерти,**

**22.03.2016 година** **Климе Попоски**

**Скопје**

Образложение

Во измената е опфатено ослободувањето од обврската на друштвата да го доставува извештајот во хартиена форма.

Исто така, се брише ставот каде што е наведено дека Агенцијата за супервизија на осигурување ќе пропише електронска форма, бидејќи истата веќе е утврдена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.